# Документ од дискусијата на ЕФРАГ

## Подобри информации за нематеријални средства – Кој е најдобриот начин?

31 март 2022 година



# ОГРАДУВАЊЕ

Гледиштата изнесени во оваа презентација се гледишта на презентерите, освен ако не е поинаку назначено. Ставовите на ЕФРАГ одобрени од одборот на ЕФРАГ се објавени како коментари, документи од дискусија односно ставови или во било која друга форма кој што се смета за соодветна согласно со околностите.

# Зошто е потребен овој документ од дискусија?

**Консултација за агендата за истражување на ЕФРАГ за 2018 година**

Проект за нематеријални средства е многу важен. Внатрешно генерираните нематеријални средства имаат сè поголема улога во успешното работење на субјектите и не се соодветно одразени (и различно од стекнатите) во финансиските извештаи.

**Првични интервјуа со различни чинители во 2019 година**

Во моментов нема доволно информации во финансиските извештаи – но се предлагаат различни решенија.

**Преглед на литературата во 2020 година**

Not much was known about how users use information on intangibles.

**Советодавен панел за нематеријални средства во 2020 година**

За да се осигури дека предлозите ќе се базираат на утврдените потреби на корисниците.

**Објавување на документот од дискусијата во 2021 година**

# Обем

## Не го претставува „решението“

Претставува различни пристапи и ги оценува нивните предности и неповолности и бара од чинителите да дадат свој придонес за како понатаму (на пример комбинација – различен пристап за различни видови на нематеријални средства).

## Ги согледува „нематеријалните средства“

Поширок обем отколку нематеријални средства.

## Информации кои треба да се претстават во финансискиот извештај

ЕФРАГ треба дополнително да ја разгледа поврзаноста со известувањето за одржливост.

# Тековни прашања

## Одредени утврдени прашања

- Финансиските извештаи не ги одразуваат основните двигатели на вредност кај бизнисите кои интензивно се потпираат на нематеријални средства.
- Споредба помеѓу внатрешно генерираните средства и стекнатите средства.
- Нарушени мерила на успешноста
    - Односите за поврат на средствата не даваат корисни информации;
    - Расходите не се точно искажани;
    - Извештајот за успешност двапати се опфаќа кога стекнатите нематеријални средства ќе се заменат со внатрешно генерираните нематеријални средства.



# Согледани се три пристапи

## Како да се обезбедат подобри информации за нематеријалните средства?

**Препознавање и мерење**

**Обелоденување во белешки на финансиските извештаи или извештајот за раководството**

| Глава 3 | Глава 4 | Глава 5 |
|---|---|---|
| **Препознавање и мерење** во примарните финансиски извештаи | **Информации поврзани со конкретни нематеријални средства** во забелешките во финансиските извештаи или во извештајот за раководството | **Информации за идно ориентираните расходи и фактори на ризик/можности** во забелешките во финансиските извештаи или во извештајот за раководството |

# Признавање и мерење

## Три прашања

### Какви видови (внатрешно генерирани) нематеријални средства треба да се признаат

Оние што се во согласност со дефиницијата на средство.

### Под кои услови таквите нематеријални средства треба да се признаат?

- Се признаваат сите;
- Се признаваат средства кои исполнуваат одредени критериуми (праг на препознавање);
- Средствата се признаваат кога ќе ги исполнат критериумите (условено препознавање);
- Не се признаваат внатрешно генерирани нематеријални средства.

### Кои основи за мерење треба да се согледаат?

Проблеми со трошоците правично мерење на вредноста.

Факторите кои треба да се имаат во предвид се:

- Дали одредено средство произведува парични текови директно или би можело да се продаде независно;
- Дали деловните активности на субјектот вклучуваат употреба на неколку економски ресурси кои произведуваат парични текови индиректно бидејќи се користат во комбинација.

# Признавање и мерење

## Пристапи кон признавањето (1/2)




| | |
|---|---|
| **Признаени како нематеријални согласно дефиницијата** | **Трошоците се капитализираат** |
| **Праг за признавање на средство на почетокот на проектот** | **Трошоците се признаени како расходи** |
| **Нема признавање на средства** | **Трошоците се признаени како расходи** |

# Признавање и мерење

## Пристапи кон признавањето (2/2)




**Условно признавање на средството:**

| Условно признавање на средството | Пред исполнување на условот | По исполнување на условот |
|---|---|---|
| а) Книжено како расход во билансот на успех сѐ додека не се исполни условот | Трошоците се признаваат како расходи во БУ | Трошоците се капитализираат од овој момент |
| б) Целосно капитализирано средство со пазарна вредност помала од билансната додека не се исполни условот | Трошоците се капатилазирани и имаат помала вредност од БС | Трошоците се капитализираат од овој момент |
| в) Книжено како други приходи до исполнување на условот | Трошоците се признаваат како расходи на ДП | Трошоците се капитализираат од овој момент |

Менување на правецот на намалување на вредноста

Акумулираните други приходи се капитализираат

# Одредени предности и неповолности на условеното признавање

## Предности

- Можност за ограничување на влијанието врз примарните финансиски извештаи кои произлегуваат од несигурноста својствена на мерење на нематеријалните средства (просудување).
- Зголемена споредливост со стекнатите нематеријални средства во билансот на состојба и во билансот на успех (особено доколку се користи пристапот на други приходи).
- Намалување на искривувањето на мерилата за успешност според ИФРС до степенот до кој се исполнети критериумите за признавање.
- Доколку не се променат другите работи, тука се признаваат повеќе нематеријални средства отколку кај пристапот со прагови.

## Неповолности

- И понатаму се исклучени внатрешно генерираните нематеријални средства доколку не се исполнети критериумите за признавање.
- Нестабилност на заработката (ако намалувањето на вредност на капитализираните трошоци и менувањето на правецот на вредноста се признаени во БУ (книжењето во други приходи може да ја спречи ваквата нестабилност)).
- Трошоците за подготовка на финансиските извештаи ќе се зголемат.
- Дури и да се признаат голем број нематеријални средства, обелоденувањето на клучни конкретни нематеријални средства може да доведе до попрецизни и подетални информации.

# Информации поврзани со конкретни нематеријални средства

## Согледани нематеријални средства

Нематеријални средства кои се клучни за деловниот модел на субјектот.

## Тип на информации

- Квалитативни и/или квантитативни.
- Информации за придонесот на клучните нематеријални средства во вредноста на субјектот.

# Информации поврзани со конкретните нематеријални средства

## Примери на информации

- За патент кој го има фармацевтска компанија: датум на истекување, целно населени;
- За односи со потрошувачите: осипување на потрошувачите, промена на бројот на потрошувачи, демографски микс на потрошувачите, концентрација на потрошувачите (видете исто така и информации за ризиците и за можностите), удел на пазарот, информации за односите со претплатниците (ако е релевантно), информации за лојалност на потрошувачите, повратни коментари на потрошувачите (вклучувајќи и задоволството на потрошувачите и дали би ги препорачале производите/услугите на субјектот).
- За вработени: задоволство на вработените, микс на внатрешни унапредувања и нови вработувања, развивање на таленти, стручност на вработените, промени на продуктивноста, информации за организациската култура, стапка на осипување (и случувањата поврзани со истата), број на несреќи.
- Информации за нематеријалните средства кои треба односно кои не треба да се заменат и како овие средства ќе се заменат (преку надворешно стекнување или интерно/преку работа);

## Не е предложено во документот за дискусии

- Обелоденувањето на правичната вредност на непризнаените нематеријални средства

# Информации поврзани со конкретните нематеријални средства

| Предности |
| --- |

- Обезбедува прецизни и детални информации.
- Обезбедува информации за тоа како субјектот создава вредност преку поврзување на утврдувањето на клучните нематеријални средства со деловниот модел на субјектот.
- Исто така може да вклучи и информации за негативни нематеријални средства.
- Може да биде помалку субјективно отколку обелоденувањето на правичната вредност на нематеријалните средства (односно признавањето и мерењето на нематеријалните средства по правична вредност).
- Покорисно при проценка на грижата отколку информациите на идно ориентираните расходи (бидејќи нематеријалните средства се конкретно утврдени).
- Може да има помали трошоци од информациите за правичната вредност на нематеријалните средства односно признавање на повеќе нематеријални средства.
- Би можело да доведе по помала загриженост кај подготвувачите во споредба со обезбедување на правичната вредност на нематеријалните ресурси.

# Информации поврзани со конкретните нематеријални средства

## Неповолности

- Може да биде тешко да се утврди на кое конкретно нематеријално средство се однесува обелоденувањето.
- Утврдувањето на клучните нематеријални средства на одреден субјект може да доведе до предрасуди.
- Информациите може да бидат комерцијално чувствителни.
- Не го решава прашањето дека стекнатите нематеријални средства се книжат различно од внатрешно генерираните.
- Не го решава прашањето на извитоперените мерила за успешност на ИФРС.
- Информациите за конкретни нематеријални средства можеби не ја одразуваат вредноста која нематеријалното ја создава за субјектот во комбинација со други средства.

# Информации за идно ориентираните расходи

## Цел

Целта не е да се процеси вредноста на поединечните средства, туку да се процени финансиската успешност на периодот и да се предвиди идната финансиска успешност.

## Информации

- Информации за тоа дали трошоците за периодот се остварени за генерирање на приходи во периодот или во идни периоди.

## Разграничување

- Од страна на раководството на субјектот или
- Од страна на корисниците – врз основа на попрецизни информации во забелешките за признаените расходи за периодот.

## Дополнителни информации за разбирање на деловниот модел на субјектот

- Обезбедување на дополнителни контекстуални информации за трошоците (на пример: број на вработени и трошоци за вработените по функции, по сегмент и по регион).

# Информации за идно ориентираните расходи

## Примери на информации доколку разграничувањето го прават корисниците

- Расходи поврзани со патенти;
- Расходи за маркетинг (вклучувајќи информации за трошења на трговски марки/бреднови);
- Расходи за обука на персоналот (не се вклучени во трошоците за истражување и развој и трошоците за продажба и маркетинг).

## Пример за како овие информации би можеле да бидат претставени

| | Трошок на удели | Трошоци за маркетинг и дистрибуција | | Административни расходи | Расходи за истражување и развој | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Расходи за маркетинг | Расходи за дистрибуција | | Расходи за патенти | Други расходи за истражување и развој | |
| Расходи за амортизација | | | | | | | |
| Расходи за надоместоци на вработените (не капитализирани) | | | | | | | |
| Надоместоци за консултанти (не капитализирани) | | | | | | | |
| Правни надоместоци (не капитализирани) | | | | | | | |
| Надоместоци за даватели на обука за персоналот (не капитализирани) | | | | | | | |
| ... | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | |

Образецот за презентација може да биде корисен доколку се јават многу празни ќелии (и треба да се земат предвид и трошоците за обезбедување на овие информации (видете го следниот слајд))

# Информации за идно ориентираните расходи

Предности

- Не е потребна фиксна терминологија која треба да се користи за разграничување помеѓу различните нематеријални средства.
- Може да се има предвид дека нематеријалните средства често пати не создаваат голема вредност сами по себе, туку заедно со други нематеријални и други средства.
- Нема потреба за утврдување и мерење на конкретни нематеријални средства. Се избегнуваат прашањата поврзани со мерењето на нематеријалните средства.
- Генерално, може да се претпостави дека е помал трошок да се обезбеди ова отколку да се признаваат нематеријалните средства односно да се обезбедуваат информации за конкретни нематеријални средства.

# Информации за идно ориентираните расходи

## Неповолностите

- Нема информации за тоа кои конкретни нематеријални средства се клучни за деловниот модел на субјектот.
- Не се зема предвид ефективноста на инвестициите во нематеријални средства.
- Тешко е да се поврзат приходите со претходни идно ориентирани расходи.
- Не е толку корисно при проценка на грижата.
- Не толку прецизни информации за нематеријалните средства.
- Информациите би можело да бидат комерцијално чувствителни.
- Не се обезбедуваат информации за „негативни нематеријални средства“. Сепак дел од овие информации може да се опфатат преку информациите за ризиците и за можностите.
- Потребни се насоки за различните видови на признаени расходи.
- Ако субјектот ги разделува признаените расходи поврзани со тековниот период и со идните периоди, тогаш информациите се доста субјективни.
- Не го решава прашањето дека стекнатите нематеријални средства и внатрешно генерираните нематеријални средства се книжат различно.
- Би можело да биде поскапо да се подготви отколку информации за конкретни нематеријални средства.
- Мерилата за успешност според ИФРС и понатаму се извитоперени.

# Информации на факторите на ризик/можности



## Предложен пристап

- Ограничен на информации кои се материјални и се донесуваат на конкретниот субјект.
- Ограничен на информации материјални за примарните корисници на финансиските извештаи.
- Вклучува опис на факторите на ризик/можности кои можат да влијаат врз (придонесот на) признаените и непризнаените нематеријални средства, како тоа влијае врз субјектот (потребно субјектот да го опише својот деловен модел) релевантните мерки и како ризиците/можностите се ублажуваат односно искористуваат.
- Можна локација: коментари од раководството.
- Основа за известување за одржливоста.

# Примери на фактори на ризик/можности за кои може да се дадат информации (ако се релевантни)

- Влијание врз / зависност од животната средина
- Можност за привлекување на луѓе со потребните вештини
- Функционирање на раководните контролни системи
- Концентрација на потрошувачите
- Односи со добавувачите
- Квалитет на работата на комитетите за надзор
- Почитување на човековите права
- Спречување на корупција и поткуп

# Патот понатаму, предизвици и прашања за можни решенија

**Кој е најдобриот начин да се продолжи?**
Кој од пристапите треба дополнително да се разгледа?
Како овие пристапи треба да се комбинираат на економичен и ефективен начин?

**Вообичаена терминологија**
Дали би било корисно да се утврди вообичаена терминологија за нематеријалните средства?

**Чувствителни информации**
Како може да се обезбедат корисни информации за кои нема да биде потребно субјектите да обелоденуваат информации кои се комерцијално чувствителни?

**Каде треба да се обезбедат информациите?**
Кои информации би било најдобро да се ставаат во забелешките на финансиските извештаи и кои информации треба да бидат во извештајот за раководството?

**Пристап до финансии**
Дали овие пристапи би можеле да влијаат врз пристапот на субјектот до финансии?

**Отстранување на дел од сегашните барања**
Дали дел од сегашните барања може да бидат отстранети?

# Прашања за чинителите

## Прашања поврзани со сегашните информации

- Дали прашањата наведени во документот за дискусија се релевантни и валидни?
- Дали има дополнителни прашања?

## Кој е најдобриот начин да се продолжи?

- Кој од пристапите треба дополнително да се разгледа?
- Како овие пристапи треба да се комбинираат на економичен и ефективен начин?

## Признавање и мерење

- Кој од пристапите за признавање на внатрешно генерираните нематеријални средства треба да се разгледа и кои треба да бидат критериумите за признавање?
- Како треба да се мерат внатрешно генерираните нематеријални средства?

## Информации за конкретни нематеријални средства

- Дали информациите треба да бидат ограничени на нематеријалните средства кои се клучни за деловниот модел на субјектот?
- Дали се согласувате со утврдените предности/неповолности?

## Информации за идно ориентираните расходи и факторите на ризиците/можностите

- Дали би биле корисни информациите за идно ориентираните расходи и, доколку се корисни, дали треба да се засноваат на разграничувањето на раководството или не?
- Дали се согласувате со утврдените предности/неповолности?
- Дали се согласувате со факторите на ризиците/можностите кои треба да се обелоденат?

## Прашања кои треба да се земат предвид

- Каде треба да се стават овие информации?
- Дали има дополнителни прашања освен утврдените, кои треба да се земат предвид?

ЕФРАГ добива финансиска поддршка од Европската унија – ГД Финансиска стабилност, финансиски услуги и унија на пазари на капитал. Содржината на оваа презентација е исклучива одговорност на ЕФРАГ и не може во ниту еден случај да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија.

## Ви благодарам на вашето внимание –
## Со нетрпение ги очекуваме наште коментари

EFRAG
Aisbl - ivzw
35 Square de Meeüs
B-1000 Brussel
Tel. +32 (0)2 207 93 00
**www.efrag.org**